АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 29.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1804 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 март 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 март 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2016 година на државно ниво, **констатирано е прекршувања на членот 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*задолжително објавување на правилата и опис на јавно ветената награда за учество во квизови или во други облици наградно учествување*).

Во „Pastel" и „Урбан таг", говорни – шоу програми со забавна медиумска функција, емитувани се посебни програмски целини - делови обмислени како наградно учествување на гледачи што се јавуваат во студиото преку телефон, но притоа, ниту вербално, ниту на веб – страницата на ТВ 21 не се објавени минималните, нужни информации поврзани - со правилата за наградно учество во програмите, и со основните карактеристики (*опис / количина / вредност*) на јавно ветената награда. Начинот на објавување на овие информации детално е пропишан во подзаконскиот акт - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Според основните насоки од членот 3 на Правилникот:

- *давателот на аудиовизуелна медиумска услуга за програмите со наградно учествување е должен да усвои правила што ги објавува на својата веб - страница и за кои ја информира Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;*

Според основните насоки од членот 4 на Правилникот:

- *при емитувањето на програмите со наградно учествување, давателот на аудиовизуелната медиумска услуга треба јасно и недвосмислено да ги информира гледачите најмалку за: начинот и трошоците за учество во програмата; ограничувањата за учество во програмата; видот на наградата, начинот на доделување и начинот и периодот на доставување на наградата до добитникот; и да потсетува каде можат да се најдат целосните правила за програмата. Доколку во програмата со наградно учествување преку телефон може да учествуваат и гледачите, давателот на аудиовизуелна медиумска услуга е должен јасно и недвосмислено да ги информира за: прашањето на кое треба да одговорат; видот и бројот на наградите што може да се добијат; начинот на учество во играта; нејзиното траење; и дали програмата е реприза.*

**2 март 2016 година**

| Наслов на емисија | Датум на емитување | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај | |
| „Pastel – **Kuizi**" | 02.03.2016 г.- реприза | 00:38:31 | 00:48:05 | Не се објавени правилата за учество во програмите и не е даден опис за јавно ветената награда; |
| „Pastel – **Kuizi**" | 02.03.2016 г.- премиера | 16:26:35 | 16:33:33 | |
| „Урбан таг – ***Kenzo наградува***" | 02.03.2016 г. - реприза | 03:25:15 | 03:28:48 | |
| „Урбан таг – ***Kenzo наградува***" | 02.03.2016 г. - реприза | 03:45:45 | 03:48:43 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2016 година, во „*Pastel – Kuizi*" и во „Урбан таг – „*Kenzo наградува*", делови од говорни – шоу програми со забавна медиумска функција обмислени како – програми со наградно учествување на гледачите - не се објавени правилата за учество во програмите, и не е даден опис на јавно ветените награди.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21– М ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на членот 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***